# РЕГИОНАЛНИ ИСТРАЖУВАЊА НА ОБРЕДНАТА ПЕЈАЧКА ТРАДИЦИЈА

(Родна Величковска, *Обредната пејачка традиција во Кратовскиот регион*, Музеј на град Кратово, Кратово, 2016)

Истражувањето на народните песни од современа перспектива претставува посебно сложен културно и уметнички феномен во кој, на специфичен начин, се рефлектира врската меѓу музиката, реалниот живот и општетствената заедница. Во минатото, песната била тесно функционално врзана за празнувањата во текот на годината, го носела значењето на некогашните претстави за светот и имала свои атрибутни одредници кои ја означувале пригодата во која таа се изведувала. Авторката, истражувајќи ги музичките дијалекти кои се образуваат во рамките на мизичко-фолклорната традиција, како комплекс од различните стилски особености на традиционалниот музички фолклор, распространет на одредена територија, во книгата „Обредната пејачка традиција во Кратовскиот регион“, се осврнува на локалните особености на обредната пејачка традиција врз база на лични теренски истражувања, но и истражувањата кои ги вршеле други истражувачи од институтот за фолклор „Марко Цепенков“, во осумдесеттите години на минатиот век, како дел од проектот истражување на фолклорот во Кратовскиот регион. Оттука произлегува констатацијата дека книгата содржи материјали и сведоштва за традиционалната култура од Кратовскиот регион, произлезени од истражување што се базира врз богат емпириски материјал, собирани и анализирани од страна на истражувачи-фолклористи, етнолози и етномузиколози, вработени во Институтот за фолклор, а во таа смисла треба да се истакне дека непомалку е значајно и личното вложување на авторот со сопствените теренски истражувања.

Структурно, книгата „Обредната пејачка традиција во Кратовскиот регион“ е поделена на два дела, така што во првиот дел се опфатени теоретско-методолошките постулати, врз кои се базираат истражувањата во книгата. Величковска, во книгата, се определува за примена на методологија и теорија примерена за овој тип истражување, од кои овде ќе го споменеме картографирањето како метод за означување и детерминирање на музичките дијалекти и нивното изразување во својата стилско-историска повеќеслојност и

жанровска разнообразност. Потоа, се анализира обредната пејачка традиција во современите социокултурни услови и се прави типолошка систематизација на традиционалното народно пеење во Кратовскиот регион. Во книгата „Обредната пејачка традиција во Кратовскиот регион", особено место заземаат значењето и функцијата на обредното пеење, во рамките на регионот, преку соодветни нотни примери и нивна мелопоетска анализа. Вториот дел од книгата ја надополнува сликата на овие регионални истражувања со транскрипции на песните, како и скиците кои се однесуваат на распространетоста и различните особености на македонското традиционално пеење. Треба да се истакне дека тие се дадени остроумно во прилогот, а не во текот на книгата, за да не го попречат доживувањето од текот на кажувањето. Сето ова, на книгата ѝ дава особено значење како во однос на регионалните истражувања така и во однос на општите етномузиколошки истражувања.

Книгата „Обредната пејачка традиција во Кратовскиот регион", од Родна Величковска, на јавноста ѝ дава значајни информации, поврзани со традиционалното народно пеење во овој регион, со цел да се утврдат неговите музички специфики. Централното место во текстот му припаѓа на обредното пеење, поврзано со календарскиот и животниот циклус на обреди, а научно-истражувачкиот инструментариум е поткрепен со детална мелопоетска анализа на песните, при што се истакнуваат сите музичко-дијалектни специфики на македонското традиционално народно пеење во овој регион. Во реализација на книгата, авторката постапно и исцрпно се осврнува на историската динамика на пеењето, на развојот на музичко-фолклорната традиција, на собирањето и проучувањето на вокалната народна музика низ жанровското претставување на системот на македонскиот музички фолклор, со неговите музичко-дијалектни особености како негов посебен белег. Во фокусот на истражувањето е проблемот на сондирање на регионалното/локалното во обредната пејачка традиција на овој регион, кој во минатото се наоѓал на периферија на етномузиколошките истражувања. Во своите истражувања, авторката, теоретско-методолошки, најпрвин го поставува прашањето за регионалното во современата наука, имајќи ги предвид истражувањата на некои еминентни руски фолклористи, но и сопствените сознанија до кои доаѓа преку работата на картографирањето и ареалните истражувања на музичките дијалекти во Македонија. Токму затоа може да се каже дека оваа книга е резултат на повеќегодишната работа во областа на регионалните истражувања, но и истражувања кои се поврзани со фолклорните

жанрови, бидејќи како што забележува авторката и сама, жанровската карта е особено важна за одредување на карактерот на песните. Најдобри перспективи на планот на ареалното проучување во македонското традиционално народно-обредно пеење нуди структурно-типолошката метода, која дава можност за адекватен избор на релевантниот признак при картографирањето, т.е. при исцртувањето на соодветни карти на распространетоста. Суштината на структурно-типолошката метода се сведува, во конкретниов случај, на анализа на појавите од областа на македонското традиционално народно пеење, поконкретно, на утврдувањето на зоните на жанровската распространетост на македонското традиционално народно пеење и на неговите музичко-поетски текстови. Од веќекажаното произлегува дека може да се заклучи дека, при истражувањето на обредниот фолклор, во фолклорните текстови и мелодиката, со примена на анализа, се среќаваат доволно архаични елементи, на што укажуваат сегментите во кои може да се согледаат аграрната магија, култот на предците и низа митолошки претстави. Во оваа смисла, треба да се забележи дека термините „архаика“, „архаичност“, „ран слој“, според авторката, треба да се набљудуваат од типолошка гледна точка, а не како застарени, реликтни или прастари поими и термини, во хронолошки однос, односно како примална, првична, почетна, изворна состојба, според која се определува погледот на светот, вербалниот и јазичниот систем, од кои пак, се формира длабинската основа на фолклорните традиции. Во тие рамки, Р. Величковска теоретски ги набљудува категориите жанр, функција и систем, чија етномузиколошка посветеност на ова прашање е поттикната од трудовите на рускиот фолклорист Владимир Проп и на украинскиот етномузиколог Изалиј Земцовски. Тој, во врска со генезата и еволуцијата на жанровите, ја истакнува својата хипотеза за првобитното формирање и диференцирање на жанровите на ниво на функционалност, на поетски текст и музичка творба. Несомнено е дека книгата на Родна Величковска претствува интересно и инспиративно четиво за секој кој е заинтересиран за македонското традиционално народно пеење, особено во Кратовскиот регион.

На крајот, може да заклучиме дека: авторката на ракописот „Обредната пејачка традиција во Кратовскиот регион“, водена од своето професионално искуство, успеала да го собере, да го систематизира, да го анализира и да го претстави сето она што е значајно за обредната пејачка традиција во Кратовскиот регион, со сите нејзини музичко-фолклорни карактеристики. Пред нас е уште еден ракопис на Родна Величковска, која претставува студија од

областа на етномузикологијата во која се изнесени резултатите од своите истражувања. Покрај научната, практичната примена на оваа студија е во тоа што материјалите можат да се користат за подготовка на специјални курсеви за македонскиот музички фолклор во Кратовскиот регион, како регионална компонента на наставните програми на факултетите на универзитетите во Република Македонија, па и пошироко, каде што се проучува македонскиот музички фолклор, во наставата на музичките и средните училишта, како и за локалните истражувања, кои се од особено значење, бидејќи резултатите од овие нејзини истражувања може да бидат земени предвид и при изготвувањето на програмата за собирање на македонскиот фолклор и публикација на збирките со народни песни од Кратовскиот регион.

***Катерина Петровска - Кузманова***